Архивски знак 2401
Рок на чување 3год

Здружение на граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр. 0302-828/1
22.09 2023 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: 25.09.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 24 | 917/1 | – | – |

**До: Општина Пробиштип**
(имател на информацијата)

Б А Р А Њ Е

**за пристап до информации од јавен карактер**

Од: Центар за граѓански комуникации, Скопје, ул. Булевар Кочо Рацин бр. 26/1-2 Скопје, тел.02 3 213 513, e-mail center@ccc.org.mk.

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Герман Филков, ул. Булевар Кочо Рацин бр. 26/1-2 Скопје, тел. 02 3 213 513, e-mail center@ccc.org.mk.

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации:**

1. Колку лица во институцијата вршат работи од областа на јавните набавки?
2. Колку од лицата коишто ги вршат јавните набавки имаат важечка потврда за положен испит за јавни набавки?
3. Дали членовите на Комисијата за јавни набавки се менуваат за секоја набавка или се истите за сите набавки?
4. Ве молиме, доставете ни ја одлуката за јавна набавка за постапката број: 02187/2022
5. Дали имате внатрешни правила врз чија основа ја пресметувате проценетата вредност на набавките (ако имате, ве молиме, доставете ни копија од документот)?
6. Дали имате дефинирани внатрешни правила за изработка на техничките спецификации за јавните набавки (ако имате, ве молиме, доставете ни копија од тие правила)?
7. Дали имате систем за следење на реализација на планот за јавни набавки (ако имате, ве молиме, објаснете каков е тој систем)?
8. Дали имате систем за следење на реализацијата на склучените договори за јавни набавки ако имате, ве молиме, објаснете каков е тој систем)?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје
Датум: 22.09.2023 година

Потпис:
______________________
Герман Филков

Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-917/2
09.10.2023 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот „Центар за граѓански комуникации – Скопје, Бул.„Кочо Рацин" бр.26/1-2, 1000 Скопје поднесено на ден 25.09.2023 година, имателот на информацијата Општина Пробиштип го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето од „Центар за граѓански комуникации – Скопје, Бул.„Кочо Рацин" бр.26/1-2, 1000 Скопје наш бр.24-917/1 од 25.09.2023 година, бр.0302-828/1 од 22.09.2023 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

1. Колку лица во институцијата вршат работи од областа на јавните набавки?
2. Колку од лицата коишто ги вршат јавните набавки имаат важечка потврда за положен испит за јавни набавки?
3. Дали членовите на Комисијата за јавни набавки се менуваат за секоја набавка или се истите за сите набавки?
4. Ве молиме, доставете ни ја одлуката за јавна набавка за постапката број:02187/2022?
5. Дали имате внатрешни правила врз чија основа ја пресметувате проценетата вредност на набавките (ако имате, ве молиме доставете ни копија од тие правила)?
6. Дали имате дефинирани внатрешни правила за изработка на техничките спецификации за јавните набавки (ако имате, ве молиме доставете ни копија од тие правила)?
7. Дали имате систем за следење на реализацијата на планот за јавни набавки (ако имате ве молиме, објаснете какков е тој систем);
8. Дали имате систем за следење на реализацијата на склучените договори за јавни набавки (ако имате, ве молиме, објаснете каков е тој систем)?

Се УВАЖУВА

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од барателот „Центар за граѓански комуникации – Скопје, Бул.„Кочо Рацин" бр.26/1-2, 1000 Скопје имателот на информацијата Општина Пробиштип Ви ја доставува информацијата:

1. Во општина Пробиштип едно лице е службено лице за јавни набавки согласно систематизацијата на вработени во општина Пробиштип, а уште едно лице помага во извршување на работите од јавните набавки;

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-1112
09.10. 2023 год.
ПРОБИШТИП

2. Во општина Пробиштип две лице имаат важечка потврда за положен испит за јавни набавки.

3. Членовите на Комисијата за јавни набавки се менуваат за секоја набавка во зависност од видот и предметот на набавката и потребната стручност за нивна вклученост.

4. Во прилог ви ја доставуваме одлуката за јавна набавка за постапката за јавна набавка поведена со објавување на оглас на ЕСЈН број:02187/2022

5. Општина Пробиштип при пресметување на проценетата вредност на јавните набавки се води од член 39 од Законот за јавни набавки и Процедура за спроведување на јавни набавки и реализација на договори на Општина Пробиштип. При подготовка на Програмите за работа на општината, се прави проценка за сите набавки, кои потоа влегуваат во буџетот на општината, од каде се земат податоци за изготвување на годишниот план за јавни набавки и Одлуките за спроведување на постапка за соодветната набавка.

6. Општина Пробиштип за изработка на техничките спецификации, се води од Законот за јавни набавки, прирачник од Бирото за јавни набавки за подготовка на технички спецификации како и од Процедура за спроведување на јавни набавки и реализација на договори на Општина Пробиштип. Изготвените технички спецификации ги потпишува спецификатор, а доколку се спроврдува јавна набавка на работи тогаш техничките спецификации се преземат од градежно техничката документација.

7. Во општина Пробиштип планот за реализација на јавните набавки се следи согласно Процедура за спроведување на јавни набавки и реализација на договори на општина Пробиптип, и се реализира согласно предвидените барања и потреби;

8. Во општина Пробиштип постои систем за следење на реализацијата на склучените договори за јавни набавки во одделениeто за финансиски прашања како и од страна на лица-вработени во општина Пробиштип кои се задолжени за следење и реализација на договорот во однос на финансиската исцрпеност и временскиот рок.

**Во Прилог**: Одлука за јавна набавка за постапката за јавна набавка поведена со објавување на оглас на ЕСЈН број: 02187/2022;

Процедура за спроведување на постапки за јавни набавки и реализација на договорите бр.08-311/5 од 17.03.2021 година;

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Пробиштип на 09.10.2023 година, под бр.24-917/2**

По овластување на Градоначалникот на Општина Пробиштип
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Анкица Ѓеновска-Советник за правни работи и јавни набавки

______________________________

Јованка Данева-Раководител на одделение за правни и општи работи

______________________________

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов

______________________________

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-917/3
09.10 2023 год.
ПРОБИШТИП

**ПРОПРАТНО ПИСМО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ**

Датум: **09.10.2023 година**
**ДО: „Центар за граѓански комуникации – Скопје, Бул.„Кочо Рацин" бр.26/1-2, 1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по **Барање информација** согласно Законот за **слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации** Општина Пробиштип

**ВРСКА:** 24-917/1 од 25.09.2023 година

Почитувани,
Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Со почит,
Анкица Ѓеновска, службено лице

______________________________